ИНСТИТУТ ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Бр. 04-190/11
05.04.2018 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 51 став (1) од Законот за административни службеници (Сл. весник на РМ бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18), в.д. директорот на Институтот за акредитација на Република Македонија (ИАРМ) на 05.04.2018г. донесе

# ОДЛУКА

За избор на прворангираниот кандидат по распишаниот Интерен оглас бр.02/2018 за унапредување на еден административен службеник во Институтот за акредитација на Република Македонија

1. За унапредување на работното место **АКР0102Б04003 - Раководител -** Раководител на одделение за акредитација на медицински лаборатории-Сектор за акредитација на лаборатории, (1 извршител), на Интерниот оглас бр.02/2018 се избира прворангираниот кандидат Сандра Костеска
2. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

## Образложение

По Интерниот оглас бр.02/2018 објавен на ден 26 март 2018 година на веб страниците на Институтот за акредитација на Република Македонија и Агенцијата за администрација, за унапредување на еден административен службеник на работното место со шифра **АКР0102Б04003 – звање Раководител -** Раководител на одделение за акредитација на медицински лаборатории-Сектор за акредитација на лаборатории, Комисијата за селекција за унапредување формирана со Решение бр.04-190/7 од 02.04.20218г. изврши административна селекција на пријавените кандидати, по што одговорното лице на Институцијата согласно чл.51 став (7) од Законот за административни службеници, спроведе интервју со предложениот и единствен кандидат пријавен на Огласот, кој што ги исполнува условите од огласот пропишани со Законот за административни службеници и Правилникот за систематизација на работните места во Институтот за акредитација на Република Македонија бр.02-55/1 од 22.01.2016 и 02-110/2 од 21.02.2018г., за што до Комисијата достави соодветен Записник-Извештај од спроведеното интервју. Врз основа на освоените бодови од административната селекција и интервјуто, Комисијата состави Записник од административна селекција врз чија основа, како и врз основа на Извештајот од спроведеното интервју, изготви Финална ранг листа на интервјуирани кандидати, врз основа на коишто на функционерот како одговорно лице му достави Предлог-одлука за избор на прворангираниот кандидат на Огласот. Врз основа на Финалната ранг-листа и доставениот Предлог за избор на прворангираниот кандидат од Комисијата, в.д. директорот на Институтот донесе одлука за избор на кандидат како во диспозитивот на оваа Одлука.

По конечноста на оваа Одлука, ќе се донесе Решение за унапредување на административниот службеник.